СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д 07.10.2011 год. БРОЈ 8 ГОДИНА 46 | |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на Општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/3**
**29.06.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07) и член 6 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата (Сл.весник на РМ“ број 54/2007), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**За организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира режимот на сообраќај на дел од територијата на Општина Охрид.

**Член 2**

За еднонасочни улици се определуваат:

- улицата “Кирил и Методи“ во насока према Горна Порта, / оваа измена важи секој ден до 01.09.2011 година во време од 20,оо часот до 05,оо часот,

- улицата “Крум Точко“ од Горна Порта до пресекот на оваа улица со улицата „Гоце Делчев“ кај месноста Амбуланта „Воска“,

- улицата “Гоце Делчев“ од пресекот на оваа улица со улицата “Абас Емин“ во насока према Струга па се до пресекот со улицата “Стив Наумов“,

- улицата “Стив Наумов“ од пресекот на оваа улица со улицата “Гоце Делчев“ во насока према улица “Пере Тошев“ до пресекот со улица “Пере Тошев“,

- улица “Булевар Македонски Просветители“ и тоа од пресекот на оваа улица со улицата “Димитар Влахов“ во насока према езеро до пресекот со улицата “Партизанска“,

- улицата “Јане Сандански“ од пресекот со ул.„Партизанска“ во насока со ул.„К.М.Тито“ до пресекот со ул.„К.М.Тито“,

- улицата „К.М. Тито“ од пресекот со кружниот тек на сообраќај до пресекот со ул.„АСНОМ“. На дел од оваа улица и тоа од кружниот тек на сообраќај и на самиот кружен тек на сообраќај па се пресекот со ул.„Ванчо Николески“ во период од стапување во сила на оваа одлука па се до 01.09.2011 година се забранува секаков вид на моторен сообраќај односно движење и паркирање на МВ. На овој дел од улицата на левата страна гледано во насока према улица “Асном“ се воспоставува велосипедска патека за движење во двете насоки.

- улицата „Д.Влахов“ од пресекот на оваа улица со ул.„Ј.Сандански“ во насока према улицата „Булевар Македонски Просветители“ до пресекот со ул.„Булевар Македонски Просветители“,

- улицата „Партизанска“ од пресекот на оваа улица со ул.„Бул. Македонски Просветители“ во насока према ул.„Јане Сандански“ до пресекот со ул.„Јане Сандански“,

- улицата „Даме Груев“ од пресекот на оваа улица со ул„Булевар Македонски Просветители“ во насока према ул.„Бул.Туристичка“ до пресекот со ул.„Бул.Туристичка“,

- улицата „Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска“ во насока према ул.„Д.Влахов“ се до пресекот со ул.„Д.Влахов“,

- улицата „Серафим Китаноски“ од пресекот со ул.„Партизанска“ во насока према ул.„Д.Влахов“ па се до пресекот со ул.„Д.Влахов“.

- улицата „Кузман Јосифоски-Питу“ од пресекот со ул.„Д.Влахов“ во насока према ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„Партизанска“,

- улицата „Цар Самоил“ од пресекот со ул„Коста Абраш“ до ресторанот Св.Софија во насока према црквата Св.Софија,

- улицата „Коста Абраш“ од пресекот со ул.„Цар Самоил“ во насока према кружен тек на сообраќај па се до хотелот „Александрија“.

- дел од новопроектираната улица и тоа од пресекот на оваа улица со улицата “Димитар Влахов“ па се до пресекот со улицата “Партизанска“ што поминува покрај самата стара автобуска станица и тоа во насока према улица “Партизанска“.

**Член 3**

Сообраќајот на дел од ул.„Партизанска“ и тоа со ул.„Ванчо Николески„ па се до пресекот со ул.„Ј.Сандански“ ќе се одвива во три сообраќајни ленти од кои левата сообраќајна лента ќе ја користат возилата кои на раскрсницата со ул.„Ј.Сандански“ ќе свртуваат во лево, средната сообраќајна лента ќе ја користат возилата кои на раскрсницата со ул.„Јане Сандански“ движењето ќе го продолжат право према ул.„АСНОМ“ додека деснатда сообраќајна лента ќе ја користат возилата кои на раскрсницатра со ул.„Ј.Сандански“ ќе свртуваат во десно во насока према езеро.

На ул.„К.Јосифоски-Питу“ и тоа во делот каде што ќе се одвива еднонасочен сообраќај согласно член 2-13 од оваа одлука, паркирањето ќе е под аголот од 60 степени и тоа од десната страна гледано во насока на движење.

На дел од ул.„Ј.Сандански“ и тоа во делот каде што ќе се одвива еднонасочен сообраќај согласно член 2-6 од оваа одлука, паркирањето ќе се врши надолжно од десната страна.

На дел од ул.„Партизанска“ и тоа од пресекот на оваа улица со ул.„Ј.Сандански“ па се до пресекот со ул.„АСНОМ“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна гледано во насока према ул.„АСНОМ“ .

На дел од ул.„АСНОМ“ и тоа од пресекот со ул.„Бул.Туристичка“ па се до пресекот со ул.„К.М.Тито“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна гледано во насока према ул.„К.М.Тито“.

На улиците „Кирил и Методи“, „Илинденска“, „Коста Абраш“ и „Цар Самоил“, “Кузман Капидан“ “Кочо Рацин“ и просторот околу црквата Св.Сафија, се забранува паркирање на МВ од двете страни по целата должина на улиците.

На ул.„Г.Делчев„ по цела должина се забранува запирање и паркирање од двете страни.

**Член 4**

Како паркинг простори каде паркирањето ќе се врши со наплата се определуваат:

- Дел од ул.„К.Јосифоски - Питу“ и тоа од пресекот со ул.„Партизанска“ па се до пресекот со ул.„К.М.Тито“ како и паркинг просторот во државна сопственост што се наоѓа позади НУ Центар за култура „Григор Прличев“-Охрид / затворен паркинг простор со рампа.

- Дел од ул.„Булевар Туристичка“ и тоа од двете страни кај Градскиот пазар како и делот од пресекот на оваа улица со ул.„Бул.Македонски Просветители“ па се до пресекот со ул.„Даме Груев“.

- Дел од ул.„Бул.М.Просветители“ од пресекот со ул.„Бул.Туристичка“ до пресекот со ул.„Коста Абраш“ и тоа од левата страна како и кружниот тек на сообраќај / овој паркинг простор ќе функционира со влезни и излезни рампи во склоп заедно со паркингот на ул.„К.М.Тито“ со влезно-излезни терминали на почетокот после пресекот со ул.„Партизанска“, влезно-излезен терминал на почетокот од ул.„К.Абраш“ кај Капетанија и излезен терминал на ул.„К.М.Тито“.

- Улицата „Д.Влахов“ по целата должина од левата страна ( надолжно паркирање).

- Улицата „Партизанска“ од почетокот па до пресекот со улица “Ванчо Николески“.

- Дел од ул.„К.Ј.-Питу“ од пресекот со ул.„Д.Влахов“ до пресекот со ул.„Партизанска“.

- Дел од ул.„„Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„Д.Влахов“.

- Дел од ул.„Ванчо Николески„ од пресекот со ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„К.М.Тито“ заедно со паркинг просторот од хотел „Палас“./ затворен паркинг простор со рампа.

- Дел од ул.„Јане Сандански“ од пресекот со ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„К.М.Тито“ од двете страни на улицата.

- Дел од ул.„К.М.Тито“ од пресекот со ул.„Јане Сандански“ до пресекот со ул.„Ванчо Николески“ / затворен паркинг простор со рампа во период до 01.09.2011 година.

- Дел од ул.„К.М.Тито“ од пресекот со кружниот тек на сообраќај до пресекот со ул.„Јане Сандански“ / овој паркинг ќе функционира после 01.09.2011 година како затворен паркинг со рампа во склоп на паркинг просторот со ул.„Булевар М.Просветители“.

- Дел од ул.„К.М.Тито“ од пресекот со ул.„Ј.Сандански“ до пресекот со ул.„АСНОМ“ од десната страна.

- Дел од ул.„К.М.Тито“ од п .ресекот со ул.„АСНОМ“ до пешачкиот мост кај Каналот Студенчишта / затворен паркинг простор со рампа.

- Паркинг просторот покрај старата стоковна куќа Чинар од пресекот со ул.„Бул.Мак.Просветители“ до Плоштад „Чинар“ / затворен паркинг простор со рампа.

- Паркинг просторот позади Градски пазар со влез и излез од ул.„Абас Емнин“ / затворен простор со рампа.

Како времени паркинг места каде паркирањето ќе се врши без наплата се определуваат следните локации:

- Дел од Полиготнот за мали спортови.
- Паркинг просторот пред Горна Порта од десната страна
- Паркинг простор кај спортското игралиште во Економското училиште
- Паркинг просторот на левата страна од улицата “Јане Сандански“ наспроти Комерцијална банка.

**Член 5**

На Плоштадот „Св.Климент Охридски“ (кружен тек), на дел од ул.„Коста Абраш“ од самиот Плоштад па се до зградата на Капетарија како и на дел од ул.„К.М.Тито“ и тоа од кружниот тек на сообраќај па до раскрсницата на оваа улица со ул.„Ванчо Николески“ за цело време додека трае предложениот режим на сообраќај и тоа во временски интервал од 20,00 часот до 05,00 часот се забранува секаков вид на сообраќај, при што целиот овој простор ќе се користи како пешачка зона. Во временскиот период од 05.00 часот до 20,00 часот на горе наведениот дел сообраќајот ќе се одвива согласно постојаниот режим.

Снабдувњето на објектите да се врши во времето од 05.00 часот до 10.00 часот во кое време заради снабдување на објектите ќе можат да се движат товарни моторни возила чија што вкупна тежина не надминува 5 тони. На наведениот простор, со исклучок, да се движат специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетски возила, погребни возила и ППЗ возила / оваа измена е за летниот режим односно до 01.09.2011 година.

На улиците „Коста Абраш и „Цар Самоил“ и „Илинденска„ секој ден додека трае горе предложениот режим на сообраќај во време од 20.00 часот до 05,00 часот се забранува секакво движење на возила, / ова измена важи само за летниот режим.

Улиците „Коста Абраш“, „Цар Самоил“ и „Илинденска“ секој ден во период од 05.00 часот до 20.00 часот, во време додека трае предложениот режим на сообраќај се просгласуваат „Зони на смирен сообраќај“ при што брзината на движење се ограничува на брзина на движење на пешаци.

Улицата „Св.Кл.имент Охридски„ / Чаршијата, / Плоштадот „Крушевска Република“/ Чинар,/ ул.„Г.Делчев“/ Стара Чаршија/ се забрануваат за сообраќај преку целата година.

**Член 6**

Во стариот дел од градот и тоа од „Горна Порта“ ќе можат да се обраќаат само МВ со специјални пропусници за жителите од тој дел како и такси возилата. На наведениот простор, со исклучок, да се движат специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетски возила, погребни возила, ППЗ возила / оваа измена ќе важи до 01.09.2011 година.

Специјалните пропусници ќе се издаваат во Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици при општина Охрид само на жителите од стариот дел од градот кои поседуваат важечка лична карта и сопствено МВ со важечка сообраќајна дозвола и истите ќе се заведуваат во регистар за издадени пропусници.

Специјалните пропусници ќе се издаваат на лица кои согласно важечката лична карта не се жители на овој дел од градот или воопшто на град Охрид, но во

своја сопственост поседуваат куќа во тој дел на градот, по претходно нивно барање. Во барањето да приложат доказ за сопственост на недвижен имот во тој дел на градот како и доказ дека во склоп на нивната катастарска парцела го има решено просторот за паркирање. На овие лица ќе им се издава толкав број на пропусници за колку го имаат решено просторот за паркирање.

На издавачите на соби (легла) за приватно сместување ќе им се издаваат толкав број на пропусници за колку го имаат решено просторот за паркирање. Како доказ мора да приложат документ за сопственост на недвижен имот во тој дел на градот како и доказ дека во склоп на нивната катастаркс парцела го имаат решено просторот за паркирање.

**Член 7**

На улиците „Димитар Влахов“ од насока од ул.„Јане Сандански“, ул.„Бул.Мак.Просветители„ од пресекот со ул.„Туристичка“ и ул.„Гоце Делчев“ од пресекот со ул.„АбасЕмин“ до пресекот со ул.„Стив Наумов“ од десната страна се формираат велосипедски патеки за движење на велосипедисти.

**Член 8**

Се формираат сообраќајни единици составени од граѓани означени со посебни униформи и ознаки кои ќе вршат информирање и давање помош на учесниците во сообраќајот и ќе превземаат превентивни мерки за безбедност во сообраќајот.

**Член 9**

Дел од дворот од ЦСУ “Св. Климент Охридски“ (гимназија) ќе се користи до 29.08.2011 година, како терминал за тргнување и пристугнување на комби возилата кои ќе сообраќаат према туристичките населби.

Автобускиот сообраќај кој се одвива по ул.„Г.Делчев“ кон центарот на градот да се пренасочи по ул.„Бистрица“ кон ул.„Бул. Туристичка“. Автобусите кои сообраќаат во насока према Струга да се движат по ул.„Бул.Туристичка“, Надвозник и Магистралниот патен правец (М5), а кај с.Подмоље да се приклучуваат на стариот пат за Струга односно Регионалниот патен правец (Р420). По дел од ул.„Абас Емин“ и целата должина на ул.„Гоце Делчев“ да сообраќаат само комби возила.

**Член 10**

Сите товарни моторни возила кои се движат по стариот пат од насока на Струга на влезот во Охрид да се пренасочат по обиколниот пат „Распаќе“ и се приклучат на ул.„Булевар Туристичка“.

**Член 11**

На останатите улици и деловите од улиците сообраќајот ќе се одвива по постојниот режим.

**Член 12**

Надлежните служби на локалната самоуправа да извршат усогласување на хоризонталната и вертикалната сигнализација согласно предложениот режим на сообраќај и графичкиот приказ кој е составен дел на оваа одлука.

**Член 13**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организирање на режим на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид број 07-2441/31 од 30.09.2010 година.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се применува од 01.07.2011 година и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Охрид.“

**Број 07-2062/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06. 2011 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ ОД МОБИЛЕН ОПЕРАТОР**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за користење на услуги од мобилен оператор, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 и 61 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.8/07), и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид) бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ ОД МОБИЛЕН ОПЕРАТОР

**Член 1**

За потребите на Советот на општина Охрид да се склучи Договор со Мобилен оператор за користење услуги од мобилна телефонија.

**Член 2**

„За користење на мобилните телефони на членовите на Советот им се признаваат месечни трошоци во износ од 3.000,00 денари, а на претседателот на Советот износ од 4.000,00 денари.

**Член 3**

Се овластува Градоначаникот да го потпише Договорот за користење на услуги од Мобилна телефонија.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука претстанува да важи Одлуката за користење на услуги од Т-Мобиле бр. 07-795/18 од 26.04.2007 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2062/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТА ОД ГРАД ПРОСЛЕДЕН СО СИЛЕН ВЕТАР И ДОЖД ВО ОПШТИНА ОХРИД НА ДЕН 09.06.2011 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од град проследен со силен ветар и дожд во општина Охрид на ден 09.06.2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТА OD GRAD PROSLEDEN SO SILEN VETER I DOЖД ВО ОПШТИНА OHRID NA DEN 09.06. 2011 GODINA**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за проценка на штета од град проследен со силен ветер и дожд во општина Охрид на ден 09.06.2011 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2062/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗАРАДИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ТРАСИТЕ НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување на потреба од измена на урбанистичка планска документација заради усогласување на намени на земјиштето и трасите на сообраќајната инфраструктура , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Сл.весник на РМ" бр.23/11), член 2 став 1 алинеја 4 и 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид) бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЗАРАДИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ТРАСИТЕ НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

**Член 1**

Се утврдува потреба од доенсување на:

**1.**Урбанистички план за село: Лескоец, Љубаништа, Трпејца, Елшани, Пештани, Горно Коњско, Шипокно, Косел, Вапила, Горно Лакочереј, Долно Лакочереј, Подмоље, и

**2.** Урбанистички план за вон населено место: „Андон Дуков“, локалитет „Свети Еразмо“, Институт за ортопедија и трауматологија, „Горица-Север“, „Горица-Исток“, „Горица-Св.Стефан-Метропол“, населба „Исток“, „Лагадин-Пештани“, со кои ќе се изврши усогласување на намените на земјиштето, заради вклопуваање на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на општина Охрид, заради усогласување на трасите на секундарната сообраќајна инфраструктура, со цел заради согласување на намените и трасите на сообраќајната инфраструктура, вклопување на бесправни објекти.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2062/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНИВАЧКИТЕ ПРАВА НА РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за преземање на основачките права на Работничкиот Универзитет „Кузман Шапкарев“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид) бр. 8/07), и член 21 од Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на РМ“бр36/11), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНИВАЧКИТЕ ПРАВА НА**
**РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука општина Охрид ги превзема основачките права и обврски на Работничкиот универзитет „Кузман Шапкарев“ Охрид.

**Член 2**

Работнички универзитет „Кузман Шапкарев“ ќе ја остварува дејноста за која е основан, согласно закон.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2062/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН**
**ОД УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување член од Управен одбор на ЈП „Погребни Услуги“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 )и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува членот од Управниот одбор на ЈП „Погребни услуги“ Охрид

**ГОРАН ВЕЛЈАНОСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2062/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување член во Управниот одбор на ЈП „Погребни Услуги“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД**

**Член 1**

За член во Управниот одбор на ЈП „Погребни услуги“ Охрид СЕ ИМЕНУВА :

- **САШО БЛАЖЕСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2062/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ОД УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување член од Управен одбор на ЈП Градски Пазар Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ОД УПРАВНИОТ ОДБОР**
**НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува членот од Управниот одбор на ЈП Градски пазар Охрид:

**МЛАДЕНЧО ФИЛИПОСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2062/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување член во Управен одбор на ЈП Градски Пазар Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**Член 1**
За член во Управниот одбор на ЈП Градски пазар Охрид СЕ ИМЕНУВА:

**ЈУРГЕН СТЕФАНОСКИ**

**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2062/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласнот на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надоместоците што ги врши ЈП „Погребни Услуги“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците на услугите што ги врши ЈП „Погребни услуги“ Охрид бр. 02-157/7 од 31.05.2011 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Погрбни услуги“ .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2062/12**
**29.06.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 18 од Статутот на ЈП „Погребни Услуги“ Охрид на ден 31.05.2011 година Управниот Одбор на ЈП „Погребни Услуги“ Охрид ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците на услугите што ги врши ЈП „Погребни Услуги“ Охрид со бр. 02-10/5 од 20.12.2010 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците на услугите што ги врши ЈП „Погребни Услуги“ Охрид бр. 02-10/5 од 20.12.2010 година донесена од Управниот Одбор на ЈП „Погребни Услуги“ Охрид.

**^len 2**

Во член 1 став 1 точка 11 „Свеќи 1 кг. бројот „250,00“ се заменува со бројот „300,00“.

После редниот број 16 се додаваат нови редни броеви и тоа:
„ 17. резбан крст ................ 1200,оо ден.“
„ 18. Венец Ф 100 ............ 500,оо ден.“
„19.Венец солза ............. 650,оо ден.“
„ 20. Некролози во боја ...... 40,оо ден. парче “

Во член 1 став 1 во делот Цени на ковчези во слободна продажба се вршат следните измени:

Во ред.бр. 3 Сандак С2/1 бројот „7.600,00“ се заменува со бројот „8.000,оо“

Во ред.бр. 4 Сандак ДЦ1 бројот „ 8.000,00“ се заменува со бројот „12.200,оо“

Во ред.бр. 5 Сандак ДЦ2 бројот „12.200,00“ се заменува со бројот „17.800,оо“

Во ред.бр. 9 Саркофаг Ф1 бројот „ 22.400,оо “ се заменува со бројот „ 32.600,оо“

После редниот број 9 се додаваат нови редни броеви и тоа:
„ 10. Сандак С2/2 ....................... 9.600,оо ден. “
„11. Сандак ДЦ1/1 .................. 15.500,оо ден.“
„ 12. Сандак ДЦ3 ................ 22.400,оо ден.“

„13. Сандак ДЦ4 .............. 23.400,оо ден.“
„ 14 Саркофаг Ф2 ........... 42.300,оо ден.“
„ 15. Саркофаг Ф3 .......... 55.000,оо ден. “

**–Во делот „ ПОГРЕБЕН МАТЕРИЈАЛ – ТЕКСТИЛ “ се вршат следните измени :**

„Во ред.бр. 4-покрив со чипка бројот „380, оо “ се заменува со бројот „450,оо“,
„Во ред.бр. 5-навлака за перница обична бројот „130, оо “ се заменува со бројот „150,оо“,
„Во ред.бр. 6-навлака за перница со чипка бројот „230, оо “ се заменува со бројот „250,оо“,

„Во ред.бр. 8- тулбени бројот „70, оо “ се заменува со бројот „100,оо“,

„Во ред.бр. 9-шамивчиња бројот „30, оо “ се заменува со бројот „40,оо“,

**Член 2**

Оваа одлука да се достави до основачот, Советот на општина Охрид.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на Советот на општина Охрид

**УО на ЈП „Погребни Услуги“ Охрид**
**Претседател,**
**Марија Пероска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2011 ГОДИНА НА РЕ „ВОДОВОД“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на финансискиот извештај за периодот од 01.01. до 31.03.2011 година на РЕ „Водовод“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/13**
**29.06.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01-31.03. 2011 ГОДИНА НА РЕ „ВОДОВОД“ ОХРИД

**Член 1**

Се усвојува Финансиски извештај за периодот од 01.01.-31.03. 2011 година на РЕ „Водовод“ Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2062/13**
**29.06.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год.

**Број 08-2062/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 45 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ бр.82/08, 143/08 и 56/10 ) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( Службен гласник на општина Охрид. бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2011 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се вршат измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште на општина Охрид бр.12-2436 од 13.11.2007 год.

**Член 2**

Во член 5 став 1, точката на крајот од ставот се заменув со запирка и се додаваат зборовите:

„Освен за угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, хотели, мотели планинарски и ловен дом“.

**Член 4**

Член 6 став 1 точка 3
После точката зборовите „хотелски објекти“ се бришат.

**Член 5**

Во член 6 став 1 се додава нова точка
7:

За објекти од група на класа на намени Б-5 угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класи на намени А 4-хотел, мотел, планинарски и ловен дом ,основа за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 90 000,оо денари.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“ .

**Број 07 -2062/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2011 год.** **Претседател**
**Охрид** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2.4 ОПФАТ 1 ОХРИД – ОПШТИНА ОХРИД 2010-2015**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт деталeн урбанистички план за дел од урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.4 опфат 1 Охрид – Општина Охрид 2010-2015 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 03.10.2011 год.

**Број 08-2062/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**03.10.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески ,с.р**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 60/11) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 03.10. 2011 година, донесе:

# О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2.4 ОПФАТ 1 – ОПШТИНА ОХРИД 2010 -2015

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план за дел од урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.4 опфат 1 – Општина Охрид 2010-2015.

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план се опфаќа простор со површина од 6,30 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 2 , дел од урбан блок 2.4 опфат 1 - општина Охрид 201-2015 е опфат на границите:

**„ Кеј М.Тито, ул.„8-ми Март“ул.„Партизанска“ ул. „1“ .**

**Член 3**

Нацрт деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.4 опфат 1 – Општина Охрид 2010-2015 со тех. бр. 67/10 изработен од „ПОЛОГПРОЕКТ- ПРО“ доо Гостивар содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.4 опфат 1 – Општина Охрид 2010-2015 .

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-2062/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**03.10.2011 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески ,с.р**

# С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на Општина Охрид | **2** |
| **2.** | Одлука за користење на услуги од Мобилен оператор | **8** |
| **3.** | Одлука за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од град проследен со силен ветар и дожд во општина Охрид на ден 09.06.2011 година | **9** |
| **4.** | Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичка планска документација заради усогласување на намени на земјиштето и трасите на сообраќајната инфраструктура | **10** |
| **5.** | Одлука за преземање на основачките права на Работничкиот Универзитет „Кузман Шапкарев“ Охрид | **11** |
| **6.** | Одлука за разрешување член во Управен одбор на ЈП „Погребни Услуги“ Охрид | **13** |
| **7.** | Одлука за именување член во Управен одбор на ЈП „Погребни Услуги“ Охрид | **14** |
| **8.** | Одлука за разрешување член во Управен одбор на ЈП Градски Пазар Охрид | **15** |
| **9.** | Одлука за именување член во Управен одбор на ЈП Градски Пазар Охрид | **16** |
| **10.** | Одлука за давање согласнот на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надоместоците што ги врши ЈП „Погребни Услуги“ Охрид | **17** |

| | | |
|---|---|---|
| **11.** | Одлука за усвојување на финансискиот извештај за периодот од 01.01. до 31.03.2011 година на РЕ „Водовод“ Охрид | **20** |
| **12.** | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште на општина Охрид | **21** |
| **13.** | Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за дел од урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.4 опфат 1 Охрид-Општина Охрид 2010-2015 | **22** |